# Ерусалим - Света Земја

Од почетокот на христијанството, па до денешен ден, Ерусалимската Патријаршија ја има водечката улога на светите места, во Светата Земја

Од почетокот на христијанството, па до денешен ден, Ерусалимската Патријаршија ја има водечката улога на светите места во Светата Земја. Нејзината улога била една херојска борба за да се сочуваат христијанските свети места и духовното богатство акумулирано низ вековите. Оваа црква потекнува од апостолско време и е првата христијанска заедница во Ерусалим. Во почетокот, црквата во Ерусалим била една од најважните цркви - Мајка на црквите. Разрушувањето и опустушувањето на Ерусалим од Тит, во седумдесеттата година и драматичните настани што следеа со уништувањето на јудејскиот Храм, имаа негативни последици врз изгледот на Ерусалим, во начинот на организација и особено, во приоритетноста на црквата, бидејќи христијаните се преселија источно од реката Јордан. Кога во 135 година, императорот Адријан издигнал над рушевините во Ерусалим римски град, христијаните се вратиле. Меѓутоа, заради римското влијание, христијаните се распрснале низ цела Палестина.

Со текот на времето состојбата се променила. Ерусалимската митрополија пораснала во важен и истакнат духовен центар, особено кога византискиот император Константин Велики и неговата мајка Елена изградиле величествени цркви и храмови. Ова довело до суштинско подигнување и до црковен авторитет на Кесарија и Ерусалим. Подоцна ова го препознава Вселенскиот синод во Халкидон (451 год.), и тогаш епископатот во Ерусалим е подигнат на ниво на Патријаршија. Оттогаш Ерусалимскиот патријарх претставува висок црковен авторитет во Светата Земја.

Влегувањето на арапите во Палестина, во 639 година, предизвикало значителни промени во внатрешната организација на христијанските заедници и, како што се очекувало, во позицијата и функционирањето на Патријархатот во Ерусалим. Арапите од една страна ги ограничиле активностите на Патријархатот, а од друга страна му довериле голема сила и одговорност во црковната и социјалната сфера. Во единаесеттиот век Патријархатот е доделен на Константинопол, но подоцна делува автокефално.







**Црквата на Воскресението**

Црквата на Воскресението е срцевината на Светиот Град, а срце на црквата е Светиот Животворен Гроб, кој е изграден на местото каде што по симнувањето од Крстот било положено Телото Христово. Сега таму стои натпис на грчки: “Извор на нашето Воскресение”. Црквата нема особен архитектонски изглед и стил, така што е тешко да се препознае помеѓу останатите градби во градот. Црквата всушност не е една градба, туку е составена од повеќе градби соединети без особена архитектонска униформност, хармонија или стил. Содржи цркви, параклиси, катакомби, подруми, соби, скали , премини ...Дури ни плафонот не е еднаков, секој дел е со различен стил. Уште повпечатлива е толпата на посетители и поклоници-луѓе од различна раса, свештеници или монаси, православни, францисканци, копти, сирijци, ерменци, со различни носии, кои зборуваат на својот јазик. Повеќе од десет свети места се соединети во оваа црква на Воскресението. Едни од нив се Голгота и Гробот Христов, кои имаат евангелска историска топографска автентичност. Секое свето место во црквата има своја историја т.е. еден настан од животот на Христос.

**Назарет**

Настрана од големите патишта, Назарет во христовото време било зафрлено село. Оттогаш се пренесувала поговорката: Може ли нешто добро да излезе од Назарет? (Јн.1,46). Но, токму овде, Исус поминал речиси четврт век од својот живот. Да можеме да се најдеме во Назарет од тоа време, ќе видиме околу стотина бели куќи со рамни покриви, расфрлени по ридот обраснат со лози и маслинови насади. Од благите падини на ридовите се отвара живописна глетка, врз која веројатно не еднаш почивал погледот на Исус, небесно сини планински синџири, зелени долини, засеани полиња.

Градот денес изобилува со многу археолошки откритија-гробници, цистерни, рушевини од цркви и еден византиски манастир. Назарет





заживува за време на византискиот период каде што живееле повеќе евреи отколку христијани. Назарет станал епископија во дванаесеттиот век. Во шеснаесеттиот век станува христијанска населба. Подоцна се населиле и муслимански арапи, а денес населението е мешано.

При нашата посета посебно се задржавме на местото на средбата на Богородица со небесниот гласник Гаврил, кадешто таа ја слушнала благата вест: "Не бој се Марија, зашто си нашла милост пред Бога; и ете ти ќе зачнеш во утробата и ќе родиш Син, и ќе го наречеш со името Исус. Он ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот, и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давид; и ќе царува над домот Јаковов секогаш и царството Негово нема да има крај."(Лука 1,30-33).

**Кана Галилејска**

Во камените садови кои биле наменети за миење, Исус наредил да се налее вода. Слугите го сториле нареденото, нацрпеле и му однеле на старосватот:" Секој најнапред го изнесува доброто вино, а кога ќе се поднапијат гостите, тогаш полошото; а ти си го зачувал доброто вино за сега"(Јован 2,3-10).

Пројавата на Христовата власт над природата започнала, но не со страшни знаци, туку на свадба. За да може да продолжи веселбата, без никој да забележи освен мајка му, ја претворил водата во вино. Галилејските рибари биле длабоко допрени од ова чудо. Од тој момент тие сериозно поверувале во Исус (Јован 2,11).

Денес Кана Галилејска се наоѓа на североисток од Назарет, на главниот пат до Галилејското море. Православната Црква и Францисканската црква на населбата и дадоа нов изглед. Потсетува на градба од раниот византиски период, можеби древна синагога, со мозаичен под. Во времето на Новиот Завет, Кана Галилејска веројатно била лоцирана северно од денешната населба, каде се наоѓа археолошкиот град наречен: "рушевините на Кана".

**Капернаум**

Околу Генисарет постоеле низа приморски населби, од кои Исус го одбрал Капернаум. Евангелистите го нарекуваат "Негов град'. Таму покрај синагогата изградена од Римјанин-прозелит, живеел во домот на Симон, братот на Андреј. Од таму Исус одел да проповеда. Од таму се упатувал по брегот на Витсаида, Хоразин, Магдала, од таму одел на празниците во Ерусалим и таму се враќал. Луѓето од Капернаум станале сведоци на неговите први чуда.
Свети Епифаниј нѝ информира дека се до четвртиот век Капернаум бил еврејски град којшто не го примил христијанството. Но, сепак, уште во вториот век, се појавила мала еврејска заедница која ја примила христијанската вера. Тие се собирале во куќата на светиот апостол Петар, која подоцна, во петтиот и шестиот век, кога христијанската заедница пораснала, била изградена како црква. Во Капернаум имало уште една црква посветена на свети Јован Богослов. Во единаесеттиот век, Капернаум бил уништен од земјотрес и напуштен. Од крајот на единаесеттиот век го користат единствено рибарите. Со археолошките истражувања се пронајдени некои делови од градот.






**Галилејското езеро**

Крајбрежјето на Галилејското Море, кадешто престојувал Христос, подоцна силно настрадало во војна. Дури релативно неодамна овој предел повторно започнал да го добива својот поранешен изглед. Во евангелските времиња, пак, Генисарет се одликувал, според зборовите на Флавиј, "со зачудувачка природа и убавина". Овошни насади, палми и лозја ја врамувале сината вода. Зад оградите раснеле багреми, леандри, џбунови на мирта со бели цветови. Родот бил собиран во текот на целата година. Езерото давало обилен улов. Дење и ноќе неговата површина била исполнета со рибарски чунови.

Многу евангелски настани и природната убавина на регионот го направиле ова место исклучително популарно и посетено. Околу ова езеро се наоѓаат многу цркви и манастири. Кај Светите Отци се сретнува како катедра Христова или место кадешто Тој најчесто проповедал.

**Тавор**

Во христијанството планината Тавор е позната како "висока планина" на која Христос се преобразил. Првата црква е основана во четвртиот век. Во петтиот век се изградени уште две цркви, така во шестиот век стоеле три цркви на врвот на планината, како трите сеници што сакал свети апостол Петар да ги направи. Тавор привлекува многу монаси и илјадници поклоници.

Исто така е изградена четврта црква во седмиот век, со еден епископ и седумнаесет монаси. Во тринаесеттиот век муслиманите ги разрушиле црквите, а христијаните ја напуштиле гората. Денес постои православен манастир посветен на Светото Преображение, изграден во 1862 година, Мелхиседековиот параклис и францискански манастир подигнат врз урнатините на византиската црква.

Овде се случило едно од најголемите Христови "себеоткривања". На тројцата апостоли-Петар, Јаков и Јован, им било дадено за момент да ја видат завесата на Тајната подотворена и да ја согледаат божествената слава на Христос. Можеби во очекување на своите страдања Тој сакал духовно да ги укрепи најблиските, знаејќи какви искушенија ги очекуваат во иднина.

**Гетсиманија**

Уште од времето на Христос Гетсиманија е лоцирана надвор од Ерусалим. Во Ерусалим, до наше време се зачувани истриените скалила на старите камени скали. Можеби токму по нив се спуштал Исус, упатувајќи се кон Елеон. Минувајќи го потокот Кедрон, Тој не тргнал кон Витанија , туку претпочитал да остане во Гетсиманиската градина. Тоа бил мал приватен имот, заграден со ѕид, во кој растеле маслинови насади.

"Оче мој, ако е можно, нека ме одмине оваа чаша. Но не како Јас што сакам, туку како Ти!"(Мат.26,39).

Он се молел. Апостолите спиеле. На улиците на Ерусалим се слушале чекорите на стражата...

Гетсиманија не се поврзува единствено со страдањето и Христовото предавање, но исто така и со погребението на Богородица. Гробот е идентификуван во петтиот век и во исто време е изградена првата црква посветена на Успение на





Пресвета Богородица, веројатно во времето на византискиот император Маркијан (450-457) и првиот ерусалимски патријарх Јувеналиј.

**Тагба**

Местото Тагба уште значи и “седум извори”. Ова место христијаните и натаму го идентификуваат со местото каде Христос нахранил 5.000 луѓе со пет леба и две риби, но името на местото не е спомнато во Новиот Завет. Според арапските барања во Светата Земја местото било напуштено и речиси заборавено, се до деветнаесеттиот век, кога случајно е пронајден мозаичниот под од ранохристијанската базилика. Систематското археолошко истражување завршило во 1923 година, кога ја откриле целата црква со богато мозаични украси. Познатиот мозаик кој го претставува чудото на умножување е пронајден зад олтарот. Оваа прекрасна црква со извонредниот мозаичен под била изградена во петтиот, а уништена во седмиот век од Персијанците.

Не е случајно што овој настан е опишан кај сите четири евангелисти, а првите христијани го цртале по ѕидовите на катакомбата. Тајната на умножувањето на храната во празничната трпеза на браќата станала навестување на евхаристијата, на тајната на благодарноста, која Синот Човечки ја поставил во средиштето на Својата Црква.

**Витлеем**

...Затоа праведниот Јосиф дојде со Пресветата Дева во Витлеем, Давидовиот град, затоа што двајцата беа од Давидовото царско колено. Бидејќи во тоа гратче се собра многу народ заради пописот, Јосиф и Марија не најдоа конак ни во една куќа, па се засолнија во една овчарска пештера. Во неа ноќта меѓу сабота и недела на 25 декември (стар стил) Пресветата Дева на чудесен начин Го роди Спасителот на светот Господ Исус Христос...
Првите три века од христијанската ера, Витлеем бил мало незначително место. Судбината на ова гратче тотално се изменила кога ромејскиот император Константин Велики и неговата мајка Елена изградиле велелепен храм над пештерата на Раѓањето. Ова го преобразува Витлеем во важно место за поклонение. Поголемиот дел од пештерата на Раѓањето е природна карпа додека останатиот дел е градба.
Внатрешното украсување потекнува



од дванаесеттиот век и од големо значење се ѕидните мозаици и иконите за кои се познати не само годината туку и името-Ефрем 1169.



**Реката Јордан**

Изворите на оваа позната река се наоѓаат на планината Ермон во западна Палестина, а се влева во Мртвото Море. Реката е со должина од околу сто километри. Во Стариот Завет Израилот ја поминува безбедно за да стигне до Ветената Земја. Во неа свети Јован Крстител ги крштеваше евреите и во нејзините води е крстен и Христос. До денешен ден доаѓаат луѓе од сите страни за да бидат крстени во оваа вода, носејќи малку вода за благослов во своите домови.



**Патот на страдањето**

Денес во Ерусалим Виа Долороса го претставува патот што го поминал Христос носејќи го својот крст од местото на неговото осудување-Преториумот, до местото на распнувањето Голгота. Патот е околу еден километар, а содржи четиринаесет станици кои ги означуваат одделните настани поврзани со Христовото страдање и искупителната смрт на Крстот. Бидејќи низ историјата градот е променет, денес патот го обележуваат главните места, кои Христос морал да ги помине, за да стигне до местото наречено Голгота.



**Планината Сион**

Во првите години на христијанската ера, западниот рид на Ерусалим е познат како Сион забележан во Стариот Завет. Речиси е сигурно дека во христијанството Сион не го означува топографски местото кое е споменато во Стариот Завет. Сепак е име за различни места, ознака за царството Јудејско, земја во Израел, луѓе од Израел и пред се- Духовен Ерусалим од кадешто произлегува учењето и законот Божји. Според христијанското предание следните настани се случиле на Сион: Тајната Вечера (тајната на Светата Евхаристија), наитието на Светиот Дух и основањето на првата христијанска заедница и Црква.

Така зборовите на пророкот Михеј за учењето и законот доаѓаат навистина од Сион. Од тука христијанскиот Сион живее во симболичната конотација. Заради тоа, Светите Отци на Црквата името Сион го употребуваат како “дом на духот”. Планината Сион уште се поврзува со судењето на Христос пред првосвештениците Ана и Кајафа, со појавувањето на Христос пред апостолот Тома и другите апостоли по Воскресението, со слегувањето на Светиот Дух врз Апостолите и со основањето на првата христијанска црква.

Подоцна, во петтиот и шестиот век, Сион се поврзува со други настани како што се: одрекувањето на ап. Петар, Успението на Богородица, гробот на Јаков, братот Господов и гробот на царот Давид. Со текот на времето овие настани зазеле свое место на планината и станале значајни христијански свети места. Особено место на поклонение претставува горната одаја т.е. местото на Тајната Вечера и истата куќа, како место каде Светиот Дух слегол врз апостолите во вид на огнени јазици. Во четвртиот век, на ова место се наоѓала сионската црква, која била уништена во седмиот век од персијанците. Неколку години подоцна е обновена од Патријархот Модест, но повторно е уништена во десетиот век, од муслиманските арапи. Долго време била заземена од муслиманите и била користена како џамија.